**20121062747**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

# У К А З
# ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ВРЕДНОСНИ БОНОВИ – ВАУЧЕРИ

Се прогласува Законот за издавање на вредносни
бонови – ваучери,
што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 22 август 2012 година.

Бр. 07- 3636/1
22 август 2012 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

# ЗАКОН ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ВРЕДНОСНИ БОНОВИ – ВАУЧЕРИ

Член 1

Со овој закон се уредува издавањето на вредносни бонови - ваучери за набавување на компјутери за потребите на редовните студенти државјани на Република Македонија кои живеат во социјално загрозени семејства и кои за прв пат се запишани во завршната година на студии во учебната 2012/2013 година на високообразовните установи во Република Македонија и за студентите кои се евидентирани како лица со посебни потреби запишани на студии во учебната 2012/2013 година на високообразовните установи во Република Македонија.

Член 2

Редовни студенти кои за прв пат се запишани во завршната година на студии во учебната 2012/2013 година на високообразовните установи во Република Македонија, во смисла на овој закон, се сите редовни студенти државјани на Република Македонија кои живеат во социјално загрозени семејства и се запишани за прв пат во завршната година на високообразовните установи до 15 октомври 2012 година.

Студенти кои се евидентирани како лица со посебни потреби се сите запишани студенти во учебната 2012/2013 година на високообразовните установи во Република Македонија, а кои се евидентирани како лица со посебни потреби.

Под социјално загрозени семејства од ставот (1) на овој член се подразбираат семејствата корисници на социјална парична помош, постојана парична помош и право на парична помош на лице кое до 18 години возраст имало статус на дете без родители и

родителска грижа или семејствата во кои вкупните месечни приходи не се поголеми од 12.000 денари.

Член 3

Редовниот студент докажува дека е од социјално загрозено семејство со потврда издадена од центарот за социјални работи или уверение издадено од Управата за јавни приходи, за остварени приходи по разни основи од претходната година (приходи од самостојна дејност, приходи од вршење земјоделска дејност, приходи од имот и имотни права, приходи од капитал, капитални добивки, добивки од игри на среќа и други наградни игри, остварена плата на вработени членови на семејството или редовниот студент и други приходи), за двајцата родители или старатели на студентот поединечно и за самиот студент. Потврдата или уверението се доставува до студентската служба на матичниот факултет.

Студентската служба на матичниот факултет, потврдите или уверенијата заедно со изготвената листа за бројот на запишани редовни студенти кои се од социјално загрозени семејства запишани за прв пат во завршната студиска 2012/2013 година на високообразовните установи ги доставува до Министерството за образование и наука.

По прибирањето и проверката на документите од ставот (2) на овој член, Министерството за образование и наука истите ги доставува до Министерството за информатичко општество и администрација најдоцна до 25 октомври 2012 година.

Член 4

Вредносните бонови - ваучери се издаваат во номинална вредност од 15.500 денари.

Член 5

Средствата за издавање на вредносните бонови - ваучери се обезбедени од Буџетот на Република Македонија за 2012 година.

Член 6

Вредносни бонови - ваучери се издаваат во материјализирана форма и гласат на доносител.

Член 7

Дизајнот и печатењето на вредносните бонови - ваучери согласно со Законот за јавните набавки ги врши Министерството за информатичко општество и администрација.

Министерството за информатичко општество и администрација води евиденција за издадените ваучери, врши доставување на ваучерите до високообразовните установи во Република Македонија и ја спроведува постапката по издадените вредносни бонови - ваучери.

Член 8

За евиденција и идентификација на корисникот на вредносниот бон - ваучер Министерството за информатичко општество и администрација обезбедува веб апликација согласно со Законот за јавните набавки.

Член 9

Вредносните бонови - ваучери се со еднократна употреба и се употребуваат како учество за купување на компјутери: лаптоп, десктоп или таблет.

Вредносните бонови - ваучери се употребуваат за купување на компјутерите од ставот (1) на овој член од субјекти (трговски друштва и трговци поединци) кои се регистрирани за дејности поврзани со трговија, одржување и поправка на компјутери.

Субјектите од ставот (2) на овој член треба да постојат на пазарот подолго од една година, да имаат свои продажни места и да имаат повеќе од две вработени лица.

При реализацијата на ваучерите субјектите од ставот (2) на овој член треба да издаваат гарантен лист со сериски број на уредот.

Член 10

Исплатата по издадените вредносни бонови - ваучери се врши од страна на Министерството за информатичко општество и администрација.

Исплатата на средствата на субјектите од членот 9 став (2) од овој закон се врши врз основа на доставените искористени вредносни бонови - ваучери, копија од фискална сметка и копија од договорот за купопродажба на компјутер.

Член 11

При приемот на ваучерите субјектите од членот 9 од овој закон се должни за идентификација на корисникот на ваучерот да ја користат веб апликацијата од членот 8 од овој закон, за што Министерството за информатичко општество и администрација е должно да им обезбеди пристап.

Субјектите се должни за секој примен ваучер да водат евиденција во која се наведува името и презимето на студентот, бројот на индексот, бројот на личната карта или патната исправа, серискиот број на вредносниот бон - ваучер и да има личен потпис на студентот врз основа на пополнет формулар и изјава за купување на компјутер со ваучер со кој изјавува дека го предал вредносниот бон - ваучер со наведениот сериски број.

Образецот на формуларот со изјавата од ставот (2) на овој член го пропишува министерот за информатичко општество и администрација.

Член 12

Вредносните бонови - ваучери можат да се искористат за купување на компјутери најдоцна до 15 декември 2012 година.

Субјектите од членот 9 од овој закон можат да ги доставaт ваучерите за наплата до Министерството за информатичко општество и администрација најдоцна до 22 декември 2012 година и да извршат наплата на ваучерите најдоцна до 26 декември 2012 година.

Член 13

Распределбата на вредносните бонови - ваучери по високообразовните установи во Република Македонија ја врши Министерството за информатичко општество и администрација врз основа на изготвена листа од Министерството за образование и наука за бројот на запишани редовни студенти, кои се од социјално загрозени семејства запишани за прв пат во завршната студиска 2012/2013 година и на студенти евидентирани како лица со посебни потреби запишани во учебната 2012/2013 година на високообразовните установи во Република Македонија.

Во случај распределениот износ на бројот на ваучери на високообразовните установи во Република Македонија да не биде целосно искористен, високообразовната установа е должна записнички вредносните бонови - ваучери да ги врати во Министерството за информатичко општество и администрација.

Министерството за информатичко општество и администрација е должно да ја извести Владата на Република Македонија во рок од три дена од извршената распределба на

вредносните бонови - ваучери за бројот што е распределен по одделни високообразовни установи во Република Македонија.

Член 14

Студентот при подигањето на вредносниот бон - ваучер во високообразовната установа е должен да пополни формулар со изјава за прием на вредносниот бон - ваучер за купување на компјутер во кој го наведува своето име и презиме, бројот на личната карта или патната исправа, бројот на индексот и серискиот број на вредносниот бон - ваучер кој го добил.

Одговорното лице за дистрибуција на вредносните бонови - ваучери во високообразовната установа е должно бројот на личната карта, односно патната исправа на студентот да го впише на вредносниот бон - ваучер на место определено за тоа, пред да го предаде истиот на студентот.

Одговорното лице за дистрибуција на вредносните бонови - ваучери во високообразовната установа, пред да го издаде вредносниот бон - ваучер е должно да ги внесе податоците од ставот (2) на овој член во веб апликацијата од членот 8 од овој закон.

Образецот на формуларот со изјавата од ставот (1) на овој член го пропишува министерот за информатичко општество и администрација.

Член 15

Високообразовните установи се должни во рок од 15 дена од денот на приемот на вредносните бонови - ваучери да достават извештај за бројот на распределени вредносни бонови - ваучери на студенти согласно со овој закон до Министерството за информатичко општество и администрација и до Министерството за образование и наука.

Член 16

При примопредавањето на ваучерите меѓу Министерството за информатичко општество и администрација и високообразовните установи, задолжително се води записник за примопредавањето кој мора да биде потпишан од најмалку три одговорни лица од субјектите меѓу кои се врши примопредавањето на вредносните бонови - ваучери.

Член 17

Неискористените вредносни бонови - ваучери издадени согласно со овој закон Министерството за информатичко општество и администрација и Министерството за внатрешни работи ги поништуваат комисиски најдоцна до 10 јануари 2013 година.

Член 18

Министерот за информатичко општество и администрација донесува Упатство за спроведување на овој закон.

Член 19

Надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон и наменското користење на вредносните бонови - ваучери вршат Министерството за образование и наука - Државниот просветен инспекторат и Министерството за економија - Државниот пазарен инспекторат.

Член 20

Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да достави целосен извештај за реализација на овој закон преку Владата на Република Македонија до Собранието на Република Македонија, заклучно до 31 јануари 2013 година.

Член 21

Секој кој ќе го злоупотреби вредносниот бон - ваучер издаден согласно со овој закон или ќе го фалсификува ќе одговара за сторено кривично дело согласно со Кривичниот законик.

Член 22

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”, а ќе се применува до 1 февруари 2013 година.